# ДекаднаСтража

## Проценка на напредокот на Декадата за вклучување на Ромите од Роми активисти

## Додаток за 2007

DECADE WATCH

# ДекаднаСтража

## Проценка на напредокот на Декадата за вклучување на Ромите од Роми активисти

## Додаток за 2007

**Уредник на извештаите: Савелина Данова**
**Уредник и лектор: Ендру Рид**
**Технички уредник: Цудит Ковач, Креатек Лтд.**
**2008 година**

# Автори на извештаите по држави

**БУГАРИЈА**

**Автори**

Тони Ташев (Регионален центар за развој на политики)
<rpdc@europe.com>
Дружемира Чилева (Регионален центар за развој на политики)
<rpdc@europe.com>
Орлин Колев (Регионален центар за развој на политики)
<rpdc@europe.com>
Камелија Петкова (независна)
<kamelia_p@abv.bg>
Румјана Буџева (независна)
<budjeva@abv.bg>

**Соработници**

Претставници на следните ромски НВОи:
Дром организација - Видин
Романи бахт фондација - Софија
Рома-Пловдив фондација - Пловдив
Шам фондација - Монтана

**МАКЕДОНИЈА**

**Автор**

Надир Реџепи (РДДА Сонце) <khamnrp@t-home.mk>
Александра Бојаџиева (РДДА Сонце) <alexandraboja@t-home.mk>

**Соработници**

Претставници на НВОи членки на мрежата Рома 2002

## РОМАНИЈА

**Автор**

Јулијан Стојан (Ромска граѓанска асоцијација на Романија) <iulian.stoian@acrr.ro>

**Соработници**

Марјан Мандаче

Нику Стојка Јон

## СЛОВАЧКА

**Автори**

Зузана Куманова (Ин Минорита)<zuzana.kumanova@stonline.sk>

Лидија Габачова (независна)<lidiagabacova@yahoo.co.uk>

Андреа Бучкова (независна)<andrea.buckova@gmail.com>

Ингрид Косова (независна)<ingrid.kosova@gmail.com>

Стефан Саркози (Институт за ромски јавни политики) <stefansarkozy@chello.sk>

**Соработници**

Претставници на НВОи од Словачка

## СРБИЈА

**Автори**

Центар за малцински права <office@mrc.org.yu>

**Соработници**

Претставници на НВОи членки на Лига за Декадата

## УНГАРИЈА

**Автор**

Френк Т. Сиго (Сигмунд Кирали Колеџ) <zsigo.ferenc@zskf.hu>

## ХРВАТСКА

**Автори**

Касум Цана (Рома форум) <romacana@yahoo.com>
Маја Клариќ (Ромски културен центар) <klaric.maja@gmail.com>
Бранка Ловриќ (Ромски уметнички центар) <branka_lovric@yahoo.com>

**Соработници**

Претставници на ромски НВОи од Хрватска

## ЦРНА ГОРА

**Автор**

Александар Саша Зековиќ (независен) <asz@cg.yu>

## ЧЕШКА

**Автор**

Иван Весели (Џено Асоцијација) <vesely.ivan@wo.cz>

**Соработници**

Габриела Храбанова
Рубин Беко
Гвендолин Алберт

# Содржина

**ПРЕГЛЕД** 11

ДекаднаСтража - општи информации 13

Декада за вклучување на Ромите 13
ДекаднаСтража 13

Додаток кон ДекаднаСтража за 2007 - Преглед на напредокот на Декадата од Роми активисти 15

Што е ДекаднаСтража? 15
Што е постигнато во 2007? 16

Поглед нанапред: Дневен ред на владите за Декадата за 2009-2010 18

Споредба на државите 19

**МАКЕДОНИЈА** 23

# ПРЕГЛЕД

# ДекаднаСтража - општи информации

## Декада за вклучување на Ромите

Во февруари 2005 година, шефовите на владите од Бугарија, Македонија, Романија, Словачка, Србија, Унгарија, Хрватска, Црна Гора и Чешка ја отпочнаа Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015 година, со потпишување на следната декларација:

> *„Надградувајќи се на импулсот даден во 2003 година на конференцијата 'Ромите во растечка Европа: Предизвици за во иднина' се обврзуваме нашите влади да работат во насока на отстранување на дискриминацијата и надминување на неприфатливите разлики помеѓу Ромите и остатокот од општеството, како што е утврдено во нашите акциони планови за Декадата. Изјавуваме дека годините од 2005 до 2015 ќе бидат Декада за вклучување на Ромите и се обврзуваме да поддржиме целосно учество и вклученост на националните ромски заедници во постигнувањето на целите на Декадата и да покажеме напредок преку мерење на резултатите и преглед на искуствата во примената на акционите планови на Декадата. Покануваме и други држави да се приклучат кон нашите напори.“*

Освен ова, сите држави изготвија акциони планови за Декадата во приоритетните области: вработување, домување, здравство и образование, и обезбедија институционална поддршка за спроведување на заложбите од Декадата. Декадата промовира учество на ромското граѓанско општество во изготвувањето на акционите планови и нивното спроведување, како и во следењето на спроведувањето.

## ДекаднаСтража

Врз основа на принципот за учество на Ромите во Декадата, ДекаднаСтража е иницијатива на група ромски активисти и истражувачи за проценка на напредокот во рамки на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, од нејзиното отпочнување во февруари 2005 година. ДекаднаСтража е поддржана од Институтот Отворено општество и Светска банка. Оваа поддршка вклучува обука и менторство на истражувачките тимови, како и развој на методологија за извештаите, уредување и печатење на оваа група извештаи.

# Додаток кон ДекаднаСтража за 2007 - Преглед на напредокот на Декадата од Роми активисти

## Што е ДекаднаСтража?

ДекаднаСтража е проценка на акциите на владите за спроведување на нивните заложби изразени во рамки на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. Бидејќи Декадата има за цел да им даде глас на Ромите во процесот на нивното вклучување, оваа проценка е **спроведена од страна на коалиции на ромски НВО и активисти од сите држави кои учествуваат во Декадата**. ДекаднаСтража е конструктивен придонес на Роми активисти кон успешното спроведување на Декадата.

Ова е додаток кон ДекаднаСтража - Преглед на напредокот на Декадата од Роми активисти за 2007 година.

Првото издание на ДекаднаСтража, објавено во јуни 2007, направи преглед на периодот од отпочнувањето на Декадата на почетокот на 2005, до крајот на 2006 година. **Овој додаток ја покрива 2007 година** и известува за направени промени и нови иницијативи кои владите ги имаат воведено во текот на оваа година.

ДекаднаСтража ги проценува акциите на владите, но не и промените на состојбата на Ромите на терен. Со оглед на отсуството на доследни и систематски показатели за резултатите, како и податоци, проценката се фокусира единствено на влезните елементи: Што направиле владите во 2007 година и што имаат направено од отпочнувањето на Декадата? ДекаднаСтража е резимé на низа показатели со кои се мери: 1) постоење и квалитет на Декадни акциони планови, вклучително и постоење на податоци со кои се известува за напредокот; 2) институционална поставеност за спроведување на Декадата; 3) дали се воспоставени мерки за четирите приоритетни области на Декадата. Како и кај првото издание, **овој додаток на ДекаднаСтража не мери влијание и промени од резултатите кај Ромите**. Систематското следење на резултатите, особено за споредба помеѓу државите, во моментот е невозможно поради сериозниот недостаток на податоци. Исто така, Декадата се спроведува само три години и можеби е прерано за проценка на резултатите.

ДекаднаСтража ги проценува владините влезни елементи, но не и ефективноста на политиките кај Ромите...

... утврдува и мапира добри искуства...

При утврдување на владините акции во сите држави, извештаите по држави на ДекаднаСтража имаат за цел да **ги утврдат добрите искуства** и да ги истакнат оние достигнувања од кои државите можат да учат. ДекаднаСтража во својата анализа исто така ги вклучува владините мерки, програми и политики кои се воведени пред почетокот на Декадата и кои сеуште постојат.

... и прави споредба помеѓу државите.

ДекаднаСтража **е обид за споредба на владините акции** помеѓу државите и за обезбедување на моменталната слика во однос на тоа дали и до кој степен владите делуваат според своите ветувања дадени во рамки на Декадата. Препознава дека државите се разликуваат според големината на нивната ромска популација и нивото на нивниот економски развој, поради што можеби постојат разлики во степенот на направените напори. Сепак, значајно е да се добие слика за степенот на политичка волја и проактивност, како и да се одредат добрите практики и недостатоците кај државите и за приоритетните области.

## Што е постигнато во 2007?

Во последната година е забележан понатамошен напредок...

Декадата доби импулс во 2007. Во споредба со 2005/2006, овој додаток кон ДекаднаСтража за 2007 наоѓа дека во 2007 година **имаше напредок кај сите држави, иако кај некои напредокот е позначителен отколку кај други**, при што најзначајните случувања за Декадата во целина се:

- **Албанија, Босна и Херцеговина и Шпанија изразија желба да се приклучат кон Декадата**; Шпанија е првата западно-европска не-транзициска држава која се обидува да се придружи. Приклучувањето на нови држави кон Декадата е можен сигнал за важноста на вклучувањето на Ромите на дневниот ред на Европа и ќе го збогати процесот со нови искуства и перспективи.

- **Македонија и Чешка дадоа пример за зголемена владина проактивност за воведување на системски промени, дури и во краток рок**. Македонија почна сериозно да се занимава со вклучувањето на Ромите преку развој на систем за известување, напори за јакнење на Декадното координативно тело и вградување на ромските прашања во општите политики за вработување и здравство. Чешка промовираше 'Владин оддел за социјално вклучување на исклучените ромски заедници' (агенција) која ќе промовира партнерство на локално ниво и иновативни и комплексни политки за вклучување во маргинализираните ромски населби.

- За време на првата година од нејзиното членство во ЕУ, Бугарија навести дека има волја да ги поврзе приоритетите од Декадата со фондовите на ЕУ, особено во областа на образовна десегрегација, преку финансирање на партнерства помеѓу ромски НВОи, локални власти и училишта за спроведување на акции за образовна десегрегација.

... меѓу другото, во усвојување системски политики за вклучување на Ромите...

- Декадата останува **рамка за дискусија за ромските прашања, како за владите, така и за ромскиот граѓански сектор**, кај сите вклучени држави. Постепено станува механизам од видот 'отворен метод за координација' за размена на добри практики и меѓусебно учење. Унгарската влада - претседавач со Декадата за 2007/2008, го водеше овој процес користејќи финансии од Фондот за Декадата за работилница за домување,

организирана заедно со Хрватска, како и за формирање на стручна работна група за показатели за вклученоста на Ромите.

... и јакнење на Декадата како форум на знаење...

- Унгарското претседателство и останатите држави од Декадата станаа водечки држави во **повикувањето за усвојување на Европска политика за Роми**, која би требало да се разработи имајќи ги во предвид целите и механизмите на Декадата за вклучување на Ромите.

- Процесот на Декадата има за цел да им даде глас на Ромите во напорите на државите за промоција на вклучувањето на Ромите, па Ромите сé повеќе се слушнати на национално и европско ниво.

... меѓутоа сеуште остануваат големи предизвици.

Иако додатокот кон ДекаднаСтража за 2007 утврдува растечки показатели за зголемено и посистематско вклучување на Ромите во скоро сите држави, интегрираните политики за вклучување со фокус на постигнување и прикажување на резултати остануваат далечна цел. Уште повеќе, подудирајќи се со позитивните мерки, постојат и примери на владини политики кои би можеле да имаат штетни ефекти врз вклучувањето на Ромите, како на пример стеснувањето на пристапот кон социјална помош во неколку држави, без соодветни придружни мерки за промоција на социјална вклученост и пристап кон вработување. **Декадата отпочна процес за создавање промена, меѓутоа сеуште го нема влијанието кое им е потребно на Ромите во Европа - опиплива и реална интеграција во општеството**. Предизвикот за годините кои доаѓаат е да се осмислат посистематски решенија и да се прегледаат позитивните примери од државите на Декадата и цела ЕУ. Постојат добри примери за систематски пристап на политиките речиси во сите држави, а Декадата треба да се искористи како ефективен форум за размена на ова искуство, така што секоја владина мерка за вклучување на Ромите да има најголем можен ефект.

Недостатокот на податоци останува сериозна пречка

Еден од главните недостатоци за спроведување на Декадата останува **недостатокот на податоци за Роми во однос на вработување, домување, здравство и образование, како и за сиромаштијата во целина**. Прибирањето податоци е оскудно, нередовно и не е национално репрезентативно. Повеќе држави прибираат податоци за едничката припадност на лицата кои учествуваат во програми или добиваат услуги (пр. за вработување). Ова дозволува следење на апсолутната бројка на покриени корисници, но не е можно податоците да се поврзат со целата популација. Унгарското претседателство на Декадата формираше стручна работна група која треба да даде совети за прибирање податоци и следење на резултатите на Декадата. Истата ќе извести за работата на Меѓународниот управен комитет на Декадата во лето, 2008 година. Сепак, насочувањето на Декадата кон реални резултати бара обновување на притисокот за владите да осигураат дека националните статистики прибираат информации за етничката припадност во анкетите на домакинствата. Прашањето за воведување на следење и проценка на учинокот на политиките за вклучување на Ромите може да има корист и од поддршка од страна на Европската комисија и Евростат. Тоа треба да претставува централен елемент на било која политика за Роми на ЕУ.

## Поглед нанапред: Дневен ред на владите за Декадата за 2009-2010

Дневниот ред за акција на владите поставен со првото издание останува во важност и овој додаток ги потврдува следните клучни пораки:

- **Воспоставување на цели за учиноците и достигнувањата за вклучувањето на Ромите за 2015**. Додека системи за известување и механизми за прибирање податоци во однос на следењето на изведбата во текот на времето сеуште нема, воспоставувањето на цели би им овозможило на владите да го прикажат својот успех во 2015.

- **Усвојување на периодични оперативни планови**, на пример за период од две години. Краткорочните оперативни планови овозможуваат воспоставување на поконкретен дневен ред и прикажување на напредок. Можат да бидат клучна алатка за обновување на силата на Декадата на национално и локално ниво, како и за поврзување на Декадата со дневниот ред за реформи на владите во четирите приоритетни области.

- **Децентрализација на Декадата**. Неопходно е Декадата да се втемели во она што го прават локалните власти или подрачните министерства. Новиот Дневен ред за социјално вклучување на Чешка претставува надежна патека, како и разработувањето на локални акциони планови за Декадата во повеќе држави. Националните влади ја носат првичната одговорност за напредокот во рамки на Декадата, но постои потреба да ги **вклучат и општините во Декадата и да ги децентрализираат на локално ниво своите политички заложби** изразени во ветувањата на Декадата.

- **Промоција на системски решенија**. Државите мора да го надминат пристапот на одделни проекти и да се придвижат кон развој на системски и насочени и насочени политики, како и да овозможат општите програми и политики да ги вклучат и ефективно да допрат до Ромите. Ова бара вклучување на самите Роми во советување при планирањето и спроведувањето, особено кога програмите се испорачуваат до целата популација и не се насочени специфично кон Ромите.

- **Притисок за политика за Роми на ЕУ, која ќе се гради на Декадата**. Декадата е пан-европска иницијатива за поттикнување на интеграцијата на Ромите - најголемото малцинство во Европа - и претставува двигател кон европско решение за предизвикот на исклученост на Ромите. Напредувањето кон политика за Роми на ЕУ е обид да се пренесе овој дневен ред на повисоко ниво. ДекаднаСтража силно го поддржува развојот на политика кон Ромите на ЕУ и предлага пресликување на клучните принципи на Декадата, како учество на Ромите, вклучување на држави членки и држави кои не се членки, фокусирање кон резултати и следење на добри практики и нивна прекугранична размена.

-

## Споредба на државите

Додатокот кон ДекаднаСтража за 2007 бележи напредок во сите држави. Сепак, напредокот не е воедначен и ниту една држава не е постојана во својата изведба по однос на сите показатели. Ова наговестува дека, и покрај фактот дека некои држави се понапред од другите во нивните напори за спроведување на Декадата, остануваат сериозни предизвици, како во планирањето на Акционите планови, така и во нивното спроведување, и тоа кај сите држави од Декадата.

Како и во првото издание на ДекаднаСтража, општата разлика во изведбата останува главно во врска со различниот степен на сопственост на владите и систематските владини политики. Проценката на напредокот на ДекаднаСтража наоѓа дека државите припаѓаат во следните групи:

Некои држави имаат забележителен напредок...

1. **Унгарија** останува држава која учествува во Декадата со најголем подем и најзначителен напредок во спроведувањето на најголем дел, ако не и сите приоритетни области.

2. По Унгарија, на одредено растојание, се **Чешка и Македонија**. Двете држави имаа значаен напредок во однос на 2005/2006, со тоа што Македонија е најактивна во реформите во Декадата за 2007.

3. Главната група ги вклучува **Бугарија, Словачка, Романија и Хрватска**, сите со многу слични оценки. Четирите држави прикажуваат мешавина од изведби кои се движат од систематски до ограничени владини акции во однос на приоритетите. Словачка покажува најмал напредок, така што падна под нивото од 2005/2006.

4. **Србија и Црна Гора** продолжуваат да заостануваат, иако и двете држави имаа надпросечно подобрување и ја намалија огромната разлика помеѓу нив и главната група.

...со најголеми успеси на Македонија, Црна Гора и Чешка...

**Табела 1. Споредба на државите**

| РАНГ | ДРЖАВА | ОЦЕНКА 2007 | РАЗЛИКА СО 2005/2006 |
|---|---|---|---|
| 1 | Унгарија | 2,42 | 0,13 |
| 2 | Чешка | 2,16 | 0,40 |
| 3 | Македонија | 2,08 | 0,71 |
| 4 | Бугарија | 1,96 | 0,12 |
| 5 | Словачка | 1,87 | 0,05 |
| 6 | Романија | 1,84 | 0,11 |
| 7 | Хрватска | 1,83 | 0,13 |
| 8 | Србија | 1,45 | 0,20 |
| 9 | Црна Гора | 1,38 | 0,75 |

*Забелешка:* Оценките во оваа табела се просек од оценките по сите показатели.
Оценките се движат од 0 (најниска) до 4 (највисока).

... и разликите продолжуваат да се објаснуваат со степенот до кој владите имаат воспоставено систематски политики.

Како и кај првата проценка за 2005/2006, очигледно е дека било која **проценка на напредок заснована само на проверка дали државите имаат воспоставено мерки, има недостатоци**, бидејќи по дефиниција не утврдува дали ваквите мерки имаат некакви ефекти. Друго ограничување е во фактот дека изборот на показатели, нормално, е произволен. Сепак, ДекаднаСтража има направено избор на показатели кои се клучни за веројатноста за успех на Декадата во постигнувањето на нејзините цели.

**ДекаднаСтража тврди дека успехот на спроведувањето на Декадата зависи, како од вистинската институционална рамка, така и од политиките кои се воспоставени од владите во четирите приоритетни области**. Така, рангирањето прикажано во Табела 1 е направено врз основа на множество показатели кои покриваат:

- постоење на **акциони планови** со показатели и цели и придружени механизми за следење и известување;
- **институционална поставеност** за спроведување на Декадата;
- **владини мерки** во четирите приоритетни области: вработување, домување, здравство, образование (вклучително и постоење и прибирање податоци);
- постоење на законодавство против дискриминација согласно на ЕУ.

Методологијата на ДекаднаСтража има свои ограничувања...

Највисока оценка е 4, која се доделува за најдобра практична изведба, додека 0 се доделува кога владата нема придонес. Како што покажува Табела 2, оценките во средина ги разликуваат различните степени на владина проактивност. Треба да се напомене дека оценка 4 не значи 4 пати подобро од 1, туку дека 4 претставува стандард кој е можно да се постигне. Разликата помеѓу 0 и 1 е позначајна отколку разликата помеѓу 3 и 4.

Оценките на ДекаднаСтража претставуваат просек од оценките по показатели, без доделување тежина на показателите. Придружувањето на тежина би можело да предизвика одредени промени во рангирањето, но нема да го промени групирањето дадено погоре. Детална методолошка карта за оценување на ДекаднаСтража е дадена во претходното издание.

... но е основана на показатели кои ги доловуваат влезните елементи неопходни за успех на Декадата.

**Табела 2. Дефиниција на оценките на ДекаднаСтража**

| ОЦЕНКА | ОПШТА ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|
| 0 | Нема акција од владата |
| 1 | Повремени мерки; на почеток, но без редовни и систематски акции |
| 2 | Редовни мерки; не се систематски или програмски |
| 3 | Владина програма; напредна акција, но не интегрирана политика |
| 4 | Интегрирана политика; стандард за владина акција и сопственост |

Додатокот кон ДекаднаСтража за 2007 открива дека, **воопшто, напредокот во спроведувањето на Декадата припаѓа помеѓу оценките 1 и 2,5, што значи дека изведбата на државите во просек се наоѓа помеѓу претежно повремени мерки од една страна и повеќе систематски програми од друга страна**. Во споредба со 2005/2006, повремените мерки и првичните чекори постепено преминуваат во повеќе систематски пристап во повеќето држави.

Општа слика: претходната доминација на повремени мерки постепено отстапува место на редовни и постојани мерки и систематски пристап.

# МАКЕДОНИЈА

## МАКЕДОНИЈА

Предизвици на Македонија

Македонската влада имаше значаен напредок во однос на управувањето со активностите од Декадата, преку развој на механизми за известување и прибирањето на одредени податоци за состојбата на Ромите, а исто така има подготвено акционен план за родови прашања и стретегии за човекови права. Дополнително, владата го зголеми бројот на членови на Координативното тело за Декадата и вработените во Министерството за труд и социјална политика, вклучениво спроведувањето на приоритетите на Декадата. Во однос на работата на суштинските прашања, владата направи напори за вградување на ромските прашања во општите јавни политики, особено за вработување и здравство. Државниот буџет за 2007 вклучува фонд предвиден за спроведување на активностите од Декадата. Ваквите случувања означуваат значителна промена во македонските заложби кон Декадата, во споредба со претходниот период. Сепак, Македонија допрва треба да планира насочени програми или да го забрза спроведувањето на постоечките, за да осигура одржлива промена и реално намалување на разликите помеѓу Ромите и не-Ромите во приоритетните области. Подобро допирање до заедницата и теренска работа од страна на институциите силно се препорачува.

Акциони планови

Иако акционите и оперативните планови за приоритетните области на Декадата не се подобрени во однос на квалитетот преку детална формулација на задачите и показателите за мерење на напредокот, Македонија отпочна процес на планирање за пресечните области на Декадата. Развиен и усвоен е план за родови прашања, додека план за човекови права е во подготовка. Системот за известување на владата по однос на спроведените активности и она што произлегува од нив е подобрен преку прибирање и чување податоци за време на спроведувањето на активностите од страна на надлежните министерства. Овие податоци се јавно достапни преку Ромските информативни центри, јавни настани (како конференции за печат), како и преку пишан извештај достапен на барање. Поголеми институционални напори се неопходни на општинско ниво, каде спроведувањето на приоритетите на Декадата главно зависи од напорите на локалните НВОи.

Образование

Иако образованието сеуште е јака страна во споредба со останатите приоритети на Декадата, мал е напредокот кон проактивност на владините институции на централно и локално ниво. Активностите се премногу зависни од надворешно финансирање, главно од страна на Ромскиот образовен фонд. Повеќето од проектите отпочнати со овој фонд продолжија во 2007. Новост е обидот на Министерството за образование и наука да го зголеми бројот на ученици Роми преку писма со препораки до основните и средните училишта, како и преку пораст на квотата за Роми на одредени универзитети. Пристапот на Ромите до државни стипендии за универзитетски студенти е зголемен преку олеснување на постапката за добивање. Дополнително, Министерството за образование и наука отпочна со обезбедување на бесплатни учесбници за ученици Роми, како и активности за промоција на идентитетот на Ромите и борба против стереотипите и предрасудите во училиштата. Два големи проекти исто така се отпочнати: изградба на средно училиште во општина Шуто Оризари каде жителите главно се Роми, и воспоставување на Ромски студиски институт и Студентска група на ромски јазик на педагошкиот факултет. Меѓутоа, проблемите на Ромите со сегрегирано образование не се препознаваат и остануваат недопрени од страна на властите.

**Вработување**

Значителен напор за подобрување на пристапот на Ромите кон општите текови за вработување е превземен од Министерството за труд и социјална политика, преку давање инструкции на централната агенција и локалните центри за вработување да ги вклучат регистрираните невработени Роми во тековните програми за квалификација и преквалификација, активните мерки за вработување и само-вработување и програмите за микро-финансирање. Со тоа вработувањето е област во која се бележи најголем напредок во 2007 година. Единствената посебна мерка за Ромите во овој период е мерката за вработување на околу 50 Роми со субвенции, поддржана со средства наменети за придонес на владата кон Фондот за Декадата. Сепак, жените Ромки немаат приоритет во однос на овие активности, иако е докажано дека жените Ромки имаат помалку можности за пристап кон вработување отколку мажите.

**Здравство**

Како и во претходните две години, не се спроведени посебни активности насочени кон Ромите во областа на пристапот кон здравствените услуги, иако Ромите имаат корист од општите програми развиени од Министерството за здравство. Постои подобрување во мобилизацијата на здравствените работници за спроведување на акциониот план од Декадата. По инструкции од Министерството за здравство, здравствените работници од повеќе места во државата побараа соработка од ромски НВОи со цел да допрат до ромската заедница. Нема значителни напори од страна на владата за справување со главните проблеми, како исклученоста на Ромите од пристапот кон здравствено осигурување и пречките во пристапот кон здравствени услуги кои се последица на недостаток на лични документи. Ромите остануваат исклучително слабо застапени во здравствените институции.

**Домување**

Постојат изолирани напори на локално ниво за обезбедување на пристап на ромските населби кон комунални услуги и инфраструктура. Водоводната мрежа, канализационата мрежа и патиштата се обновени во општина Шуто Оризари, додека за големите ромски населби во Прилеп и Битола се подготвуваат урбанистички планови. Министерството за транспорт и врски обезбедува одредено социјално домување, меѓутоа нема достапни податоци за пристапот на Ромите кон истото. Со помош од Светска банка и УН ХАБИТАТ, Министерството за транспорт и врски подготви закон за легализација на дивоградби и воспоставување на дигитална база на податоци на урбанистички планови, а исто така отпочна пре-регистрација на земја и имот. Откако ќе бидат усвоени, овие правни инструменти ќе овозможат подобрување во состојбата со домувањето на Ромите, особено во однос на регистрацијата на домовите. Меѓутоа, владата треба да ја земе во предвид состојбата на Ромите при понатамошното спроведување на овие проекти.

**Законодавство против дискриминација**

Владата, во консултации со граѓанскиот сектор, подготвува нов нацрт на закон против дискриминација. Се очекува, за разлика од претходниот, овој нацрт да ја забрани дискриминацијата врз основа на расна и етничка припадност. Според владата, законот ќе биде усвоен во септември 2008 година.

**Клучно достигнување**

Во 2007 година, владата превзеде мерки за вградување на ромските прашања во јавните политики, особено во областите вработување и здравство. Таа исто така го подобри системот на известување за спроведувањето на Декадата и за состојбата на Ромите.

**ДекаднаСтража е проценка на владините акции за спроведување на заложбите изразени во рамки на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.**

**Декадата има за цел да им даде глас на Ромите во процесот на нивно вклучување. Овој извештај за случувањата во 2007 година е спроведен од коалиции на ромски НВОи и активисти од сите држави учеснички во Декадата. Претставува продолжение на првиот извештај ДекаднаСтража, со кој беше направен преглед за периодот од отпочнувањето на Декадата на почетокот на 2005 година, до крајот на 2006 година.**

**ДекаднаСтража е придонес на Ромите активисти кон успешно спроведување на Декадата за вклучување на Ромите.**

**ДекаднаСтража е поддржана од Институтот Отворено општество и Светската банка.**

**www.decadewatch.org**